РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 377/9
30.01. 2024 год.-viti
Скопје - Shkup

Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ
Примено: 07-02-2024

| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност |
|---|---|---|---|
| 08 | 317/3 | | |

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 62 седница одржана на 13.09.2023 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиската програма „Француски јазик и книжевност - преведувачко - толкувачка насока", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Филолошки факултет „Блаже Конески" Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Француски јазик и книжевност - преведувачко - толкувачка насока", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Филолошки факултет „Блаже Конески" Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.
3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и со стручен назив: Дипломиран филолог по Француски јазик и книжевност - преведувачко - толкувачка насока /во меѓународен промет, стручен, назив: Bachelor in French Language and Literature - Translation and Interpreting.

Научно - истражувачко подрачје: 6 Хуманистички науки; Научно – истражувачко поле: 604 Наука за јазикот (лингвистика),612 Наука за книжевноста, Научно – истражувачка област: 64006 Романистика, 64022 Преведување, 61207 Теорија на книжевноста, 64029 Друго - Француски јазик.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 50 студенти.
5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената Одлука бр. 02-1157/16 од 27.12.2022 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Француски јазик и книжевност - преведувачко - толкувачка насока", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Филолошки факултет „Блаже Конески" Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.08-39/10 од 25.01.2023 година (наш бр. 08 - 377/1 од 30.01.2023 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 54-та седницата одржана на 09.03.2023 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 377/6 од 09.10.2023 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 62-та седница одржана на 13.09.2023 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова